Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Главен и одговорен уредник

*М-р Марија Маневска*

Лектор

*Весна Илиевска Цветановска*

Техничко уредување

*Зоран Кордоски*

Печати

*Графотрејд*

**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........................3

**Анекс** 1 за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и катедрите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје ..................................................................8

**Правилник** за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје *(прочистен текст)* .........................*13*

**Одлука** за давање согласност на Анекс 1 кон Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ............................................................27

**Одлука** за давање согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ............................................................27

Врз основа на член 9, став 3 и член 63, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009,99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), како и член 3, став 2 и член 97, став 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, на седницата одржана на 12.9.2013 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

**Член 1**

Во Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во насловот зборовите: „Факултетот за физичка култура" се заменуваат со зборовите „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје".

**Член 2**

Во целиот текст од Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, зборовите: „Факултет/от за физичка култура во Скопје" се заменуваат со зборовите „Факултет/от за физичко образование, спорт и здравје во Скопје".

**Член 3**

Во член 2, став 2, зборовите „физичката култура" се заменуваат со зборовите: „општествените науки во полето кинезиологија".

**Член 4**

Член 4 се менува и гласи:

„Факултетот работи под назив: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** - Скопје.

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: "Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of physical education, **sport and health** in Skopje, Republic of Macedonia.

Скратениот назив на англиски јазик е: Фацултс оф пхѕсицал едуцатион, **спорт анд хеалтх -** Скопје.

Седиштето на Факултетот е на ул. Јордан Мијалков бб, Скопје."

**Член 5**

Член 5 се менува и гласи: „Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е државен факултет основан како Факултет за физичка култура во Скопје, со Законот за основање на Факултетот за физичка култура (Сл. весник на СРМ бр. 30/77 од 15.7.1977 година).

**Член 6**

Во член 11, став 1, по зборот „знаме" се додава запирка и се додава зборот „инсигнии".

Во член 11, став 2, по зборот „спортист" се додаваат зборовите „со диск во десната рака".

**Член 7**

Во член 15, став 2, точката 6 се менува и гласи: „врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот".

Во член 15, став 2, по точката 6 се додава нова точка 7, која гласи: „издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи".

Точките 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15 и 16 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17.

**Член 8**

Во член 16, став 2 се менува и гласи: „Припадноста на вработените наставници, соработници и асистенти-докторанди кон одредена катедра се утврдува врз основа на наставно-научната област на која се избрани".

Во член 16, став 3 се менува и гласи: „Со овој Правилник се утврдуваат следниве внатрешни организациони единици:

**„I. ОСНОВНИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ СЕ КАТЕДРИТЕ, И ТОА:**

- **Катедра за индивидуални спортови;**
- **Катедра за спортски игри;**
- **Катедра за моноструктурални спортски активности;**
- **Катедра за теоретски и методски истражувања;**
- **Катедра за општествени науки;**
- **Катедра за биолошко-медицински науки".**

Во член 16, по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

**„II. ДРУГИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ СЕ:**

**А. ИНСТИТУТ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ВО СПОРТОТ**

**Б. ЦЕНТРИ**

**1. Центар за анализа и обработка на податоци;**
**2- Центар за кариера**.

**В. ЛАБОРАТОРИЈА**

**Г. БИБЛИОТЕКА“.**

**Член 9**

Поднасловот „Институти“ и членовите 17, 18, 19, 20 и 21 се бришат**.**

**Член 10**

Во член 26, став 1, по точка 5 се додаваат две нови точки 6 и 7, кои гласат:

- „се грижи наставната ангажираност на наставниците, со-работниците и асистентите-докторанди да биде порамномерно распределена;
- да ги известува вработените на катедрата за работата на Деканатската управа“.

Точката 7 станува точка 8

Во член 26, ставот 3 се брише.

**Член 11**

По член 27 се додава поднаслов:

**„Институт за научноистражувачка работа во спортот**“

и се додаваат пет нови члена 27-а , 27-б, 27-в, 27-г и 27-д, кои гласат:

**„ Член 27-а**

**Институтот, во рамките на својата дејност:**

1. организира и остварува научноистражувачка и издавачка дејност;
2. организира и остварува применувачка, односно апликативна дејност;
3. учествува при изработката на програмите за научноистражувачката работа на Факултетот;
4. изведува стручни, советувачки и други применувачки, односно апликативни услуги за потребите на спортските клубови, националните спортски федерации, воспитно-образовните институции и институциите на централната и локалната власт, невладините организации и др.;
5. учествува во создавањето научен подмладок;
6. се грижи за развојот на научните дисциплини и струки;
7. го поддржува вклучувањето на студентите во научноистра-жувачката работа;
8. ги проучува можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
9. врши и други работи утврдени со програмата за работа на Институтот.

Стручно-административните работи за потребите на Институтот ги вршат постојните стручни и административни служби на Факултетот.

**Член 27-б**

Со Институтот раководи раководител кој има докторат од соодветната област.

Раководителот се именува и се разрешува од страна на деканот. Раководителот се именува за период од 4 години, со можност за повторен избор.

Деканот може предвремено да го разреши раководителот на Институтот врз основа на лично барање од раководителот и во случај раководителот на Институтот да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност.

Постапката за избор на раководител на местото на разрешениот раководител на Институтот е според постапката утврдена за избор на раководител на Институтот, а со мандат кој трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот раководител.

**Член 27-в**

Раководителот:

1. ја организира и ја води работата на Институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на Институтот;
3. се грижи за редовното изведување на научноистражувачката работа од областа на Институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на единицата, кои се однесуваат на работата на Институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на Институтот;
6. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Раководителот за својата работа одговара пред деканот.

**Член 27-г**

Во реализација на програмата на Институтот можат да бидат ангажирани наставници, соработници и асистенти-докторанди од

катедрите, како и одредени надворешни соработници, стручни лица од одредени области кои по предлог на раководителот ги ангажира деканот на Факултетот.

**Член 27-д**

Годишната програма за работа на Институтот ја подготвува и ја предлага раководителот на Институтот. Годишната ппограма се доставува до деканот на Факултетот, и по негов предлог се усвојува од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот. Раководителот на Институтот поднесува годишен извештај за работата на Институтот до Наставно-научниот совет најдоцна до 31 декември во тековната година".

**Член 12**

По член 27-д се додава поднаслов:

**„Центар за анализа и обработка на податоци"**

и се додаваат четири нови члена 27-ѓ , 27-е, 27-ж и 27-з, кои гласат:

**„Член 27-ѓ**

Со Центарот за анализа и обработка на податоци раководи раководител кој има докторат од соодветната област. За раководител на Центарот може да биде избрано лице во редовен работен однос на Факултетот.

Раководителот се именува и се разрешува од страна на деканот.

Раководителот на Центарот се именува за период од 4 години, со можност за повторен избор.

Деканот може предвремено да го разреши раководителот на Центарот врз основа на лично барање од раководителот и во случај раководителот на Центарот да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност.

Постапката за избор на раководител на местото на разрешениот раководител на Центарот е според постапката утврдена за избор на раководител на Центарот, а со мандат кој трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот раководител.

**Член 27-е**

Во реализација на програмата на Центарот можат да бидат ангажирани наставници, соработници и асистенти-докторанди од катедрите, како и одредени надворешни соработници, стручни лица од одредени области кои по предлог на раководителот ги ангажира деканот на Факултетот.

**Член 27-ж**

Годишната ппограма за работа на Центарот ја подготвува и ја предлага раководителот на Центарот.

Годишната програма се доставува до деканот на Факултетот, и по негов предлог се усвојува од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Раководителот на Центарот поднесува годишен извештај за работата до Наставно-научниот совет најдоцна до 31 декември во тековната година.

**Член 27-з**

Центарот, во рамките на својата дејност, ги дава следниве услуги:

- помош околу конципирање на хипотезите, целите, предметот, проблемот на истражувањето и др., по строго дефинирани методолошки правила;
- помош околу изборот и изработката на инструменти (тестови, прашалници, анкети, скали и сл.);
- помош околу проверувањето на мерните карактеристики на инструментите;
- правење на матрици за внес на податоци (темплејти), упатство за внес на податоци и др.;
- внесување на податоците од страна на стручни лица;
- подготовка на податоци за обработка (нивно сортирање, филтрирање, селектирање, чистење и др.);
- статистичка обработка на податоците (униваријантна, мултиваријатна, параметриска и непараметриска статистика, анализа на видеоматеријали и сл.), со детална интерпретација на добиените резултати;
- приказ на резултатите табеларно и графички;
- печатење на резултатите;
- меморирање на внесените податоци во сиситемот и можност за нивно повторно користење за научни цели;
- сортирање, филтрирање, печатење на меморираните податоци за анализа и дистрибуција, изработка на соодветни извештаи и нивно објавување во научни и стручни публиикации;
- можност за додавање на дополнителни податоци за потребите на научноистражувачката работа;
- внесување на текст, подесување на изгледот на текстот и сликите, вклучувајќи скенирање и препознавање на оптичките обележја;
- обликување на документот и други подготвителни операции за печатење;
- подготовка и обработка на податоци за мултимедијална употреба;
- компјутерска обработка на производот за печатење;

- врши и други работи во согласност со дејноста на Факултетот.

Стручно-административните работи за потребите на Центарот ги вршат постојните стручни и административни служби на Факултетот“.

**Член 13**

По член 27-з се додава нов поднаслов „**Центар за кариера“** и нов член 27-ѕ, кој гласи: „На Факултетот се формира Центар за кариера во согласност со актите на Универзитетот. Составот, делокругот и начинот на работа се утврдуваат со актот за основање“.

**Член 14**

Членот 35 се брише.

**Член 15**

Член 37 се менува и гласи:

„Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

За секретар може да биде избрано лице со завршено високо образование - правен факултет, со положен правосуден испит и 4 години работно искуство во струката по дипломирањето“.

**Член 16**

Во член 44, став 1 се брише точката и се додаваат зборовите „како и претставници од студентите“.

Ставовите 2, 3, 4 и 7 се бришат .

Ставовите 5 и 6 стануваат ставови 2 и 3, а ставовите 8 и 9 стануваат ставови 4 и 5".

**Член 17**

Во членот 45 се додаваат два нови става кои гласат:

„За студиските програми од втор циклус, Наставно-научниот совет може да формира наставно – научен колегиум со кој раководи раководител.

Неколку сродни студиски програми можат да формираат еден наставно – научен колегиум“.

**Член 18**

Во член 46, став 1, по точка 5 се додава нова точка 6, која гласи:

„**-** му предлага на Универзитетскиот сенат студиски програми на англиски јазик“.

Во став 1, алинеја 7, по зборовите „соработнички звања“ се става запирка и се додаваат зборовите „асистенти-докторанди“.

Во точката 35, зборот „членови“ се заменува со зборовите „свои претставници“.

По точка 40 се додаваат седум нови точки 41, 42, 43, 44, 45, 46 и 47, кои гласат:

- „донесува програма за стручно и професионално усовршување и за различни облици на неформално учење;
- донесува правила за студирање;
- избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
- склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
- одлучува за склучување на договори за двојна диплома (доубле дегрее) или заедничка студиска програма (јоинт дегрее) согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитететот;
- организира различни облици на неформално учење;
- донесува програма за вклучување на визитинг-професори од странство согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитететот“.

Точката 41 станува точка 48.

**Член 19**

Во член 47, став 3, зборовите „асистентите, помладите асистенти“ се бришат.

**Член 20**

Член 48 се менува и гласи:

„Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот за кои е дадена можност Наставно-научниот совет да одлучи да гласа тајно.

Одлуката за начинот на гласање се донесува со јавно гласање“.

**Член 21**

Во член 53, по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„На наставникот кој не го исполнува минимумот број на часови за наставна дејност за учебната година, утврден со одлуката за распоредот на часовите и наставата, деканот со решение му определува часови на настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови на секој циклус се распределуваат рамномерно.

Против решението може да се поднесе приговор до Наставно-научниот совет во рок од 8 дена сметано од денот на приемот“.

*Ставовите 2, 3 и 4 стануваат 3, 4 и 5.*

**Член 22**

Во член 57, став 2, зборовите: „спроведување на тајното гласање“ се заменуваат со зборовите „спроведување на гласањето“.

**Член 23**

×лен 58 се менува и гласи:

„На Факултетот, по предлог на деканот, се избираат два продекана“.

**Член 24**

Во член 59, во заградата зборовите „високообразовна и научноистражувачка дејност“ се заменуваат со зборовите „настава, наука, меѓународна соработка“.

**Член 25**

Во член 60, по став 6 се додаваат 3 нови става 7, 8 и 9, кои гласат:

„Со престанок на мандатот на деканот престанува и функцијата (мандатот) на продеканите.

Мандатот на постојните продекани им продолжува до изборот на новите продекани, кој се спроведува по изборот на новиот декан.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани“.

**Член 26**

Во член 63, став 1 , бројот „11" се заменува со бројот „10".

Во став 2, зборовите: „раководителите на организационите единици“ се заменуваат со зборовите: „раководителите на катедрите“.

**Член 27**

Во член 64, став 1, по алинеја 6 се додаваат две нови алинеи кои гласат:

- „одлучува за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата) на предлог на катедрите на Факултетот;
- донесува програма за студиски престои на соработници/асистенти, студенти и за реализација на визитинг-професори од Факултетот на странски универзитети“.

Алинеите 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат алинеи 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15.

**Член 28**

По член 66 се додава нов поднаслов и четири нови члена 66-а, 66-б, 66-*в* и 66-*г,* кои гласат:

***„СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ***

***Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии***

***Член 66-а***

За организирање на вториот циклус студии, за секоја студиска програма, се формира наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус на студии (во натамошниот текст: колегиум).

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Правилник.

Колегиумот го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите утврдени со студиската програма.

***Надлежност на колегиумот***

***Член 66-б***

Колегиумот:

- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки по нив;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
- ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на магистерскиот труд;
- ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставно-научниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оцена и одбрана на магистерските трудови;
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на магистерските трудови;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус на студии;
- врши и други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

***Раководител на колегиумот***

***Член 66-в***

Со колегиумот раководи раководител.

По предлог на деканот, раководителот на колегиумот се избира од страна на Наставно-

научниот совет на Факултетот, за период од 2 години, со можност за уште еден избор.

Раководителот:
- ја организира и ја раководи работата на колегиумот;
- ги подготвува, ги свикува и ги води седниците на колегиумот;
- се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од ж надлежноста на колегиумот;
- ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;
- ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;
- врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставно-научниот и деканот.

**Член 66-ѓ**

Одредбите од овој Правилник за колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за специјалистичките студии".

**Член 29**

Во член 67, став 3 се менува и гласи: „Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 9 (девет) члена, и тоа:
- три члена избира Наставно-научниот совет, од кои два (2) од наставно-научниот кадар на Факултетот и 1 (еден) студент по предлог на Студентскиот парламент на Факултетот;
- еден член од Собранието на Република Македонија;
- еден член од Министерството за образование и наука;
- еден член од Советот на град Скопје;
- еден член од Советот на општина Центар;
- еден член од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија;
- еден член од Федерацијата за училиштен спорт.

Поблиските критериуми и надлежности на Одборот за соработка и доверба со јавноста се утврдени со закон и со подзаконски акти".

**Член 30**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Универзитетскиот гласник.

**Д Е К А Н**
**Проф. д-р Вујица Живковиќ, с.р.**

# А Н Е К С 1
## за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела, комисиите и катедрите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

**Права и обврски на член на Наставно-научниот совет**

**Член 1**

Членот на Наставно-научниот совет има права и обврски утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот и со овој Анекс.

**Член 2**

Членот на Наставно-научниот совет има право и должност да присуствува на седниците на Наставно-научниот совет, да се подготвува за секоја седница и да учествува во работата и одлучувањето на Наставно-научниот совет.

Член на Наставно-научниот совет може да отсуствува од седница само од оправдани причини и е должен благовремено, во писмена форма или на друг начин, за тоа да го извести деканот.

Отсуството го оправдува со приложување доказ за причините за отсуство.

Оправдани причини за отсуство се:
- болест на наставникот, на студентот или на поблизок член на потесното семејство;
- присуство на конференции, собири, симпозиуми и сл. во земјава и во странство;
- отсуство поради барање на надлежен орган на Универзитетот, државен орган/ суд, обвинителство и сл.

Како неприсуство на седница се смета и предвременото напуштање на седницата кое не е најавено до деканот пред почетокот на седницата на Наставно-научниот совет.

Деканот го информира Наставно-научниот совет за оправданоста на отсуствата на неговите членови.

Оправданоста на причините за отсуството ја оценува деканот на Факулетот.

За членот на Наставно-научниот совет кој не го најавил своето отсуство или неоправдано отсуствувал од седница се преземаат мерки согласно со закон и актите на Факултетот.

**Член 3**

За присуството на членовите на Наставно-научниот совет се води евиденционен лист кој го потпишуваат присутните членови на Наставно-научниот совет, односно список на присутни членови, кој се води за секоја седница посебно.

По потреба, присуството на членовите на Наставно-научниот совет се проверува и во текот на седницата.

Евиденцијата на отсутните членови на Наставно-научниот совет на крајот од седницата на Наставно-научниот совет ја констатира деканот во записникот.

Членот на Наставно-научниот совет има право и должност да гласа или да се воздржи од гласање.

**Член 4**

Членот на Наставно-научниот совет има право на седницата на Наставно-научниот совет да расправа, да предлага и да гласа за секое прашање кое е од надлежност на Наставно-научниот совет.

За предлог поднесен (даден) согласно со став 1 од овој член, Наставно-научниот совет се изјаснува со гласање на начин утврден со овој Анекс.

**Член 5**

Членот на Наставно-научниот совет има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата.

Одговорите на прашањата се даваат на истата седница или на првата наредна седница.

На секое поставено прашања од страна на член на Наставно-научниот совет, Деканатската управа и деканот се должни да одговорат во рок не подолг од 15 дена од денот на одржувањето на седницата на којашто е поставено прашањето.

**Член 6**

Извршувањето на актите на Наставно-научниот совет е задолжително за внатрешните организациони единици на Факултетот.

Деканот има право да ги свикува раководителите на организационите единици на состаноци за тековни прашања, а по потреба и поединечно.

**Член 7**

Членот на Наставно-научниот совет е должен да се придржува кон усвоениот дневен ред на седницата.

**Член 8**

Членот на Наставно-научниот совет е должен да ја чува тајната определена и класификувана согласно со закон и актите на Факултетот.

Како тајна се сметаат податоците што членот на Наставно-научниот совет ќе ги дознае на седница на Наставно-научниот совет или на седница на работно тело и на комисија во врска со прашањето за кое се расправа без присуство на јавноста.

Како тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Наставно-научниот совет, а кои како такви се означени.

**Седници на Наставно-научниот совет**

**Член 9**

Наставно-научниот совет работи на седници.

Седниците се одржуваат според потребата.

Наставно-научниот совет може да одржува и вонредни седници.

За времетраењето на вонредната седница, членовите на Наставно-научниот совет се должни да ги одложат своите ангажмани и обврски.

На вонредна седница може да се расправа и да се одлучува само по прашања поради кои се закажува вонредната седница.

Наставно-научниот совет може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и во други случаи (комеморативни седници и др.).

**Член 10**

Седниците на Наставно-научниот совет, по правило, се јавни.

По исклучок, Наставно-научниот совет може да одлучи да работи без присуство на јавноста.

**Член 11**

Деканот ги свикува и раководи со седниците на Наставно-научниот совет, дава појаснувања во врска со начинот на работа на Наставно-научниот совет и се грижи за редот на седниците и за примената на овој Анекс.

По овластување на деканот, како и во случаи на спреченост на деканот, седницата ја свикува и со неа раководи еден од продеканите.

Деканот има право временски да го ограничи учеството во расправата на член на Наставно-научниот совет, доколку тоа е надвор од прашањата што се усвоени на дневниот ред или кога, заради должината на учеството во расправата, е оневозможено рамноправното учество во расправата на другите членови на Наставно-научниот совет.

**Член 12**

На седница можат да се поканат и претставници на заинтересирани организации, установи и други правни лица и поединци.

**Член 13**

Седниците на Наставно-научниот совет се свикуваат со покана за седница, која ги содржи:

датумот, местото, денот, времето на одржувањето на седницата, предлогот на дневниот ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за таа седница и записникот од претходната седница на Наставно-научниот совет.

Поканата од став 1 за седница на Наставно-научниот совет се доставува до Деканатот и до раководителите на организационите единици, а предлогот за дневниот ред со датумот, местото, денот и времето на одржувањето на седницата се доставува до останатите членови на Наставно-научниот совет најмалку 5 (пет) работни дена пред седницата во писмена или електронска форма.

Во вонредни и итни случаи, поканата може да биде доставена во пократок рок. Седницата ќе се одржи доколку Наставно-научниот совет ги прифати причините за нејзино итно свикување. Кога поради итноста на некое прашање е прифатено дополнување на дневниот ред и се доставени дополнителни материјали за тоа прашање, по дополнетата точка од дневниот ред се расправа и се одлучува по исцрпувањето на расправата и по одлучувањето за точките по кои е закажана седницата на Наставно-научниот совет во рокот од став 2 на овој член.

**Член 14**

Предлогот на дневниот ред за седницата го утврдува деканот, во соработка со продеканите и секретарот на Факултетот.

Точки за дневен ред можат да предлагаат внатрешните организациони единици (организационите единици во состав предлагаат преку организационата единица во чиј состав се), колегиумите за втор циклус студии, советите за докторски студии, претседателите на комисии и други постојни тела на Факултетот.

Право да предлага точки за дневен ред на седницата има и секој член на Наставно-научниот совет, доколку предлогот не е поднесен од предлагачите од став 2 на овој член, а биле должни тоа да го сторат.

Право да предлага точки за дневен ред има и Студентскиот парламент на Факултетот.

Предлогот се доставува во писмена форма, преку архивата на Факултетот, најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на седницата. Предлог пристигнат по овој рок нема да биде внесен во дневниот ред за претстојната седница. Предлогот се поднесува со образложение, проследен со соодветен материјал во писмена форма.

Секој писмен предлог деканот и продеканите го разгледуваат и се произнесуваат за неговата целисходност. Во случај на неприфаќање на предлогот се дава писмен одговор на подносителот.

**Член 15**

Предложениот дневен ред се утврдува од страна на Наставно-научниот совет, на почетокот на седницата, откако ќе се утврди дека има кворум за работа утврден со закон, со Статутот на Универзитетот и со другите акти на Факултетот.

Секој член на Наставно-научниот совет, во итни случаи (барање или предлог кој е донесен по одржувањето на седницата на некоја од организационите единици, а е врзано со рок и чие одложување би предизвикало негативни последици), може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред. Предлагачот е должен да ја образложи итноста и важноста на новата точка на дневниот ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седницата на Наставно-научниот совет. Предлогот се смета за прифатен ако биде поддржан најмалку од половината плус еден од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Член 16**

По отворањето на седницата, секретарот на Факултетот утврдува дали има кворум.

Ако се утврди дека не присуствуваат доволен број членови на Наставно-научниот совет за полноважна работа и одлучување, седницата се одлага.

Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат одржувањето на седницата во определениот ден.

Седницата ја одлага деканот.

Доколку седницата биде одложена, нејзино продолжение се закажува во рок од 7 работни дена, со идентичен дневен ред.

**Член 17**

По усвојувањето на дневниот ред, Наставно-научниот совет го усвојува записникот од претходната седница. Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и со извршените измени, се смета за усвоен.

Во записникот се евидентираат поименично присутните и отсутните членови.

Усвоениот записник го потпишуваат деканот и записничарот, по завршувањето на седницата.

**Член 18**

По усвојувањето на дневниот ред и на записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

Претресот започнува со излагање на предлагачот, кое не може да биде подолго од 5 (пет) минути и трае додека, по него, има пријавено учесници за збор. Секој учесник има право на дискусија од 5 (пет) минути.

Расправата по точката трае се додека не земат збор сите пријавени учесници. Секој пријавен учесник во расправата има право на дискусија до 3 (три) минути. Членот кој зема збор може да се јави за збор во вид на реплика само еднаш.

Член на Наставно-научниот совет може да зборува само за прашање кое е на дневен ред на седницата. Деканот го опоменува членот доколку се оддалечи од предметот на претресот и ако не се придржува на времето и бројот на јавувањата од став 3 на овој член. По предупредувањето може да му го одземе зборот.

Ако членот на Наставно-научниот совет не постапи според предупредувањето, односно одлуката на деканот од став 4 на овој член и ако ја попречува работата на Наставно-научниот совет, деканот има право да го исклучи членот од седницата.

**Член 19**

Правото за учество во дискусија го одобрува деканот според редоследот на пријавувањето. Ако се јават поголем број членови за дискусија, пред почетокот на расправата по точката на дневниот ред деканот го соопштува редоследот според кој пријавените учесници ќе земат учество во расправата.

Кога се усвојува пишан текст во форма на акт или друг материјал, предлозите за измена, за дополнување или за бришење се поднесуваат како амандмани.

**Член 20**

Во текот на претресот, Наставно-научниот совет може, на предлог на деканот или на член на Наставно-научниот совет, да донесе одлука разгледувањето на тековното прашање од дневниот ред да се прекине за да може предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребни податоци за идната седница.

**Записник од седниците**

**Член 21**

За работата на седницата на Наставно-научниот совет се води записник. Во записникот се внесуваат: бројот на седницата, местото на одржувањето на седницата, денот и часот кога се одржува седницата, присутните членови, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, евентуалното одлагање или прекинување на седницата, другите присутни лица на седницата, заклучокот за усвојување на записникот од претходната седница со евентуалните измени, усвоениот дневен ред. За секоја точка од дневниот ред се дава сумарна дискусија, формулирана одлука, заклучок, мислење, став и сл. и резултатот од гласањето. Се назначува времето кога седницата е завршена или прекината, со наведување на причините за прекинот.

Членот на Наставно-научниот совет кој на седницата ќе го издвои своето мислење може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење. За процедурални прашања, секој член на Наставно-научниот совет може да побара изјаснување за одредена точка од дневниот ред. По барање на член на Наставно-научниот совет, како составен дел на записникот се внесува и авторизираната дискусија на членот, кој е должен писмено да ја достави во рок од 7 (седум) дена по одржувањето на седницата.

Составен дел на записникот, во архивата, се актите донесени на седницата.

**Член 22**

Деканот има право да прекине седница на Наставно-научниот совет ако се намали бројот на присутните членови под потребниот кворум за работа и за одлучување или ако настане нарушување на редот, а деканот, и покрај своите овластувања, не е во состојба да обезбеди работа на седницата според одредбите од овој Деловник. Деканот или Наставно-научниот совет со одлука може да ја прекине седницата ако трае подлого од 3 (три) часа или ако се оцени дека не може расправата и одлучувањето по точките од усвоениот дневен ред да завршат во истиот ден. Прекинатата седница продолжува во рок од 7 (седум) дена, сметано од наредниот ден од денот на прекинувањето, без дополнување на дневниот ред.

**Член 23**

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, деканот констатира дека седницата е завршена.

**Одлучување**

**Член 24**

Наставно-научниот совет на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, зазема ставови за одделни прашања и дава предлози и мислења (во натамошниот текст: акти).

**Член 25**

За предложените акти од дневниот ред се води претрес и дискусија, а по нивното завршување, деканот формулира одлука, заклучок и сл., ги става на гласање и го соопштува резултатот од гласањето, со дефиниран текст на актот.

Ако во текот на претресот се дадат предлози кон предложениот акт, деканот ги формулира и ги става на гласање поединечно, според редоследот на поднесувањето, а членовите се изјаснуваат со гласање за секој поединечно, а потоа се соопштува резултатот од гласањето. На крајот се гласа за предлогот од предлагачот, целосно или со евентуалните измени, откако деканот ќе го

формулира дефинитивниот предлог. На крајот, деканот го соопштува дефинитивно усвоениот акт, кој влегува во записник.

Наставно-научниот совет одлучува со мнозинство утврдено со закон, со Статутот на Универзитетот и со другите акти на Факултетот.

Актите што ги донесува Наставно-научниот совет ги потпишува деканот.

**Член 26**

Јавното гласање се врши со дигање рака или со прозивка, според службената евиденција, за што одлучува деканот.

Тајно се гласа во случаите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

Членот на Наставно-научниот совет се изјаснува со „за“ или „против“ предлогот, или со воздржување од гласањето.

Пред гласањето, деканот констатира дали има кворум и, доколку има, се пристапува кон гласање.

Членот на Наставно-научниот совет кој е оправдано отсутен од седницата може претходно да се изјасни писмено, во затворен плик, кој ќе биде отворен на самата седница.

По завршеното гласање, деканот ги утврдува резултатите од гласањето и врз основа на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

**Член 27**

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Тајното гласање го спроведува комисија од 3 (три) члена, која по предлог на деканот ја избира Наставно-научниот совет. Во комисијата, по правило, членува еден студент кој е член на Наставно-научниот совет.

Гласачките ливчиња мораат да бидат во еднаква големина и со иста боја.

Гласачкото ливче ги содржи редниот број и датумот на одржувањето на седницата, прашањето за кое се гласа, кратко упатство за начинот на гласањето, потпис на членовите на комисијата и печат на Факултетот.

**Член 28**

Пред да се премине на тајно гласање, **претседателот на Комисијата** ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

**Член 29**

Во гласачкото ливче, кога се предлага утврдување кандидати за избор, именување и сл. (во понатамошниот текст: избор) на носители на одредени функции, се наведуваат функцијата за која се врши изборот и имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

При тајното гласање за избор, членовите на Наставно-научниот совет гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот, односно на кандидатите.

Во зависност од бројот на лицата што треба да бидат избрани, членот на Наставно-научниот совет може да гласа за точниот број на лица што треба да бидат избрани или за помал број на лица и во таков случај гласачкото ливче се смета за важечко.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, односно именува, непотполнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Факултетот гласал.

Ако некој, односно ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува само за непополнетите места, со други кандидати, односно за сите места со други кандидати, по истата постапка.

**Член 30**

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: „за“ и „против“, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

**Член 31**

По спроведеното тајно гласање, претседателот на комисијата ги соопштува резултатите од гласањето, а деканот ја формулира одлуката, која се внесува во записникот.

**Акти на Наставно-научниот совет**

**Член 32**

Наставно-научниот совет на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, разгледува информации и соопштенија, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења (во понатамошниот текст: акти).

Наставно-научниот совет на Факултетот ги донесува следниве акти: општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, ставови, предлози, мислења и други акти.

**Член 33**

Општите акти се донесуваат за регулирање на општите прашања од работата и дејноста на Факултетот и за спроведување на законите од одделни области.

Поединечни акти што ги донесува Наставно-научниот совет се донесуваат за

регулирање на одделни прашања од дејноста на Факултетот, за примена и конкретизација на општите акти.

Заклучоци се донесуваат за процедурални прашања и за прашања по кои Наставно-научниот совет е надлежен да води расправа.

Со препораката се искажува став на Наставно-научниот совет по одредено прашање и се дава мислење за преземање одредени мерки.

**Работа на Деканатската управа**

**Член 34**

Деканатската управа работи на седници.

Седниците се одржуваат по потреба.

Деканатската управа може да одржува и вонредни седници.

**Член 35**

Одредбите од овој Анекс кои се однесуваат на свикувањето и текот на седницата, записникот и донесувањето на актите од страна на Наставно-научниот совет, соодветно се применуваат и на Деканатската управа.

**Работни и стручни тела, комисии и внатрешни организациони единици на Факултетот**

**Член 36**

Работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот, утврдени со овој Правилник, проучуваат и изготвуваат материјали, даваат предлози, мислења и др. за прашањата од нивниот делокруг.

Наставно-научниот совет **или деканот,** по потреба, за одредени актуелни состојби и изготвување материјали формира повремени комисии и други работни тела, со точно определена содржина, рок и состав содржани во актот за нивно формирање.

**Член 37**

Одредбите од овој Анекс кои се однесуваат на работата и одлучувањето на Наставно-научниот совет, соодветно се применуваат и во постапката за работа и одлучување на работните и стручните тела, комисиите и внатрешните организациони единици на Факултетот.

**Член 38**

Овој Анекс влегува во сила со денот на неговото објавување во Универзитетскиот гласник.

**Декан**
**Проф. д-р Вујица Живковиќ, с.р.**

Врз основа на член 9, став 3 и член 63, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009,99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), како и член 3, став 2 и член 97, став 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** во Скопје, на седницата одржана на 12.9. 2013 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

## за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

*(пречистен текст)*

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

*Предмет на уредување*

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат: внатрешните односи и работењето, внатрешната организација, органите и нивната работа, печатот, знаците и другите обележја на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** во Скопје како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Правилник).

За прашањата кои не се регулирани со овој Правилник се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот).

*Статус и основна дејност*

**Член 2**

**Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** во Скопје е јавна високообразовна установа во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус на студии,

научноистражувачка и применувачка дејност во подрачјето на **општествените науки во полето кинезиологија** и други подрачја кои се во тесна врска со дејноста на Факултетот, како и во сите научни полиња кои се во врска со основната дејност на Факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Правилник во согласност со Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

*Назив и седиште*

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** - Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: **Факултет за физичко образование, спорт и здравје** - Скопје.

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: “Ss.Cyril and Methodius University in Skopje, **Faculty of physical education**, **sport and health** in Skopje, Republic of Macedonia

Скратениот назив на англиски јазик е: **Faculty of physical education**, **sport and health -** Скопје.

Седиштето на Факултетот е на ул. Јордан Мијалков бб, Скопје.

*Датум на основање*

**Член 5**

**Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е државен факултет основан како Факултет за физичка култура во Скопје, со Законот за основање на Факултетот за физичка култура (Сл. весник на СРМ бр. 30/77 од 15.7.1977 година.**

*Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот*

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со закон и со Статутот на Универзитетот.

**II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА**

**Член 7**

Лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 8**

Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје соодветно се применуваат и за Факултетот.

**III. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА**

***Печат***

**Член 9**

Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Македонија и натпис во два концентрични круга. Во надворешниот круг: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, **Факултет за физичко образование, спорт и здравје**, во внатрешниот круг: Република Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

***Штембил***

**Член 10**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, **Факултет за физичко образование, спорт и здравје**, Скопје, број ___,___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

*Знаци и други обележја*

**Член 11**

Факултетот има амблем, знаме, **инсигнии** и одори за деканот и за продеканите.

Амблемот на Факултетот е цртеж на спортист **со диск во десната рака** во правоаголен облик.

Амблемот на Факултетот се употребува на меморандуми, сертификати, плакети, потврди и други документи што ги издава Факултетот.

Знамето на Универзитетот е знаме и на Факултетот.

На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите, а изгледот на одората е установен со акт на Универзитетот.

**Член 12**

При употреба на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и знаците и обележјата на Универзитетот.

Изгледот и содржината на амблемот и другите симболи на Факултетот по потреба можат да се менуваат со одлука на Наставно-научниот совет.

*Ден на Факултетот, награди и признанија*

**Член 13**

Ден на Факултетот е 11 ноември.

Денот на Факултетот се одбележува на свечен начин, секоја година.

**Член 14**

По повод јубилеи и други значајни настани, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Наставно-научниот совет.

**IV. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ**

**Член 15**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката високостручна дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на дејностите во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и сл.;
2. врши високообразовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност, во подрачјето на физичката култура и други подрачја кои се во тесна врска со дејноста на Факултетот, како и во сите научни полиња кои се во врска со основната дејност на Факултетот;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
4. организира конгреси, симпозиуми и други научни, уметнички и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на Библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. врши издавачка дејност **во согласност со актите на Универзитетот**;
7. **издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи;**
8. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
9. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
10. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование;
11. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
12. организира Стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна, научноистражувачка дејност и за кадрите во Стручната и административна служба;
14. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
15. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
16. ги уредува формите за стручно и професионално усовршување;
17. врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**V. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ**

**Член 16**

За вршење на својата дејност, Факултетот може да организира внатрешни организациони единици согласно со Статутот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Припадноста на вработените наставници, соработници и асистенти-докторанди кон одредена катедра се утврдува врз основа на наставно-научната област на која се избрани.**

**Со овој Правилник се утврдуваат следниве внатрешни организациони единици:**

**I. ОСНОВНИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ФАКУЛТЕТОТ СЕ КАТЕДРИТЕ, И ТОА:**

- **Катедра за индивидуални спортови;**
- **Катедра за спортски игри;**

- **Катедра за моноструктурални спортски активности;**
- **Катедра за теоретски и методски истражувања;**
- **Катедра за општествени науки;**
- **Катедра за биолошко-медицински науки.**

**II. ДРУГИ ВНАТРЕШНИ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ СЕ:**

**А. ИНСТИТУТ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ВО СПОРТОТ**

**Б. ЦЕНТРИ**

1. **Центар за анализа и обработка на податоци;**
2. **Центар за кариера**.

**В. ЛАБОРАТОРИЈА**

**Г БИБЛИОТЕКА.**

Друга посебна организациона единица на Факултетот, формирана за изведување настава по физичко образование на факултетите во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (со исклучок на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје**), е:

- Центарот за физичко образование.

**Поднасловот „Институти“ се брише.**

Член 17 се брише.

Член 18 се брише.

Член 19 се брише.

Член 20 се брише.

Член 21 се брише.

***Катедри***

**Член 22**

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката и апликативната дејност.

Катедрата ја сочинуваат наставниците и соработниците од иста или од сродна научна област.

Врз основа на одредбите од став 1 и 2 од овој член, на Факултетот се организирани следниве катедри:

1. Катедра за индивидуални спортови;
2. Катедра за спортски игри;
3. Катедра за моноструктурални спортски активности;
4. Катедра за теоретски и методски истражувања;
5. Катедра за општествени науки;
6. Катедра за биолошко-медицински науки.

**Член 23**

Катедрите:

1. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
2. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка, односно апликативна дејност;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа;
4. даваат предлози и мислења за Нацрт-правилникот за внатрешна организација на Факултетот;
5. со научноистражувачката дејност, посебно со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, на кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
6. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
9. предлагаат теми за сите организирани циклуси на високото образование;
10. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
11. вршат и други работи утврдени со овој Правилник.

**Член 24**

Катедрите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа, со одлука на Наставно- научниот совет.

**Член 25**

Со катедрата раководи раководител, кој по предлог на катедрата се именува и се разрешува од страна на деканот.

Раководителот се избира за време од 4 години, со право на уште еден избор.

Предлог за раководител на катедра дава катедрата, со мнозинство од вкупниот број нејзини членови, а се именува и се разрешува од страна на деканот на Факултетот.

Деканот може предвремено да го разреши раководителот на катедрата врз основа на лично

барање од раководителот и на образложено барање на половина од членовите на соодветната катедра.

Во случај раководителот на катедрата да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност, деканот може да го разреши и пред истекот на времето за кое е избран.

Постапката за избор на раководител на местото на разрешениот раководител на катедра е според постапката утврдена за избор на раководител на катедра, со мандат кој трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот раководител.

**Член 26**

Раководителот:

1. ја организира и ја води работата на катедрата;
2. ги свикува и ги води состаноците на катедрата;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и научноистражувачката работа од областа на катедрата;
4. ги извршува одлуките на органите на единицата, кои се однесуваат на работата на катедрата;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на катедрата;
6. **се грижи наставната ангажираност на наставниците, со-работниците и асистентите-докторанди да биде порамномерно распределена;**
7. **ги известува вработените на катедрата за работата на Деканатската управа;**
8. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

Раководителите за својата работа одговараат пред деканот.

**Член 27**

Катедрите работат на седници. Седниците ги свикува и со нив раководи раководителот.

Катедрите даваат предлози, мислења и заклучоци до Наставно-научниот совет за прашања од нивната област кои се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на катедрата.

Катедрите можат да работат доколку е присутно мнозинството од вкупниот број членови.

За спорните прашања помеѓу две или повеќе организациони единици одлучува Наставно-научниот совет.

**Институт за научноистражувачка работа во спортот**

**Член 27-а**

**Институтот, во рамките на својата дејност:**

1. **организира и остварува научноистражувачка и издавачка дејност;**
2. **организира и остварува применувачка, односно апликативна дејност;**
3. **учествува при изработката на програмите за научноистражувачката работа на Факултетот;**
4. **изведува стручни, советувачки и други применувачки, односно апликативни услуги за потребите на спортските клубови, националните спортски федерации, воспитно-образовните институции и институциите на централната и локалната власт, невладините организации и др.;**
5. **учествува во создавањето научен подмладок;**
6. **се грижи за развојот на научните дисциплини и струки;**
7. **го поддржува вклучувањето на студентите во научноистра-жувачката работа;**
8. **ги проучува можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;**
9. **врши и други работи утврдени со програмата за работа на Институтот.**

**Стручно-административните работи за потребите на Институтот ги вршат постојните стручни и административни служби на Факултетот.**

**Член 27-б**

**Со Институтот раководи раководител кој има докторат од соодветната област.**

**Раководителот се именува и се разрешува од страна на деканот. Раководителот се именува за период од 4 години, со можност за повторен избор.**

**Деканот може предвремено да го разреши раководителот на институтот врз основа на лично барање од раководителот и во случај раководителот на институтот да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност.**

**Постапката за избор на раководител на местото на разрешениот раководител на институтот е според постапката утврдена за избор на раководител на институтот, а со мандат кој трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот раководител.**

**Член 27-в**

**Раководителот:**

1. **ја организира и ја води работата на Институтот;**
2. **ги свикува и ги води состаноците на Институтот;**
3. **се грижи за редовното изведување на научноистражувачката работа од областа на Институтот;**
4. **ги извршува одлуките на органите на единицата, кои се однесуваат на работата на Институтот;**

5. ги известува органите на Факултетот за работата на Институтот;
6. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Раководителот за својата работа одговара пред деканот.**

**Член 27-г**

**Во реализација на програмата на Институтот можат да бидат ангажирани наставници, соработници и асистенти-докторанди од катедрите, како и одредени надворешни соработници, стручни лица од одредени области кои по предлог на раководителот ги ангажира деканот на Факултетот.**

**Член 27-д**

**Годишната ппограма за работа на Институтот ја подготвува и ја предлага раководителот на Институтот. Годишната ппограма се доставува до деканот на Факултетот, и по негов предлог се усвојува од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот. Раководителот на Институтот поднесува годишен извештај за работата на Институтот до Наставно-научниот совет најдоцна до 31 декември во тековната година.**

**Центар за анализа и обработка на податоци**

**Член 27-ѓ**

**Со Центарот за анализа и обработка на податоци раководи раководител кој има докторат од соодветната област. За раководител на Центарот може да биде избрано лице во редовен работен однос на Факултетот.**

**Раководителот се именува и се разрешува од страна на деканот.**

**Раководителот на Центарот се именува за период од 4 години, со можност за повторен избор.**

**Деканот може предвремено да го разреши раководителот на Центарот врз основа на лично барање од раководителот и во случај раководителот на Центарот да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност.**

**Постапката за избор на раководител на местото на разрешениот раководител на Центарот е според постапката утврдена за избор на раководител на Центарот, а со мандат кој трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот раководител.**

**Член 27-е**

**Во реализација на програмата на Центарот можат да бидат ангажирани наставници, соработници и асистенти-докторанди од катедрите, како и одредени надворешни соработници, стручни лица од одредени области кои по предлог на раководителот ги ангажира деканот на Факултетот.**

**Член 27-ж**

**Годишната ппограма за работа на Центарот ја подготвува и ја предлага раководителот на Центарот.**

**Годишната ппограма се доставува до деканот на Факултетот, и по негов предлог се усвојува од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.**

**Раководителот на Центарот поднесува годишен извештај за работата до Наставно-научниот совет најдоцна до 31 декември во тековната година.**

**Член 27-з**

Центарот, во рамките на својата дејност, ги дава следниве услуги:

- **помош околу концепирање на хипотезите, целите, предметот, проблемот на истражувањето и др., по строго дефинирани методолошки правила;**
- **помош околу изборот и изработка на инструменти (тестови, прашалници, анкети, скали и сл.);**
- **помош околу проверување на мерните карактеристики на инструментите;**
- **правење на матрици за внес на податоци (темплејти), упатство за внес на податоци и др.;**
- **внесување на податоците од страна на стручни лица;**
- **подготовка на податоци за обработка (нивно сортирање, филтрирање, селектирање, чистење и др.);**
- **статистичка обработка на податоците (униваријантна, мултиваријантна, параметриска и непараметриска статистика, анализа на видеоматерјали и сл.), со детална интерпретација на добиените резултати;**
- **приказ на резултатите табеларно и графички;**
- **печатење на резултатите:**
- **меморирање на внесените податоци во системот и можност за нивно повторно користење за научни цели;**
- **сортирање, филтрирање, печатење на меморираните податоци за анализа и дистрибуција, изработка на соодветни извештаи и нивно објавување во научни и стручни публиикации;**
- **можност за додавање на дополнителни податоци за потребите на научноистражувачката работа.**
- **внесување на текст, подесување на изгледот на текстот и сликите, вклучувајќи скенирање и препознавање на оптичките обележја;**
- **обликување на документот и други подготвителни операции за печатење;**

- **подготовка и обработка на податоци за мултимедијална употреба;**
- **компјутерска обработка на производот за печатење;**
- **врши и други работи во согласност со дејноста на Факултетот.**

**Стручно-административните работи за потребите на Центарот ги вршат постојните стручни и административни служби на Факултетот.**

**Центар за кариера**

**Член 27-ѕ**

**На Факултетот се формира Центар за кариера во согласност со актите на Универзитетот. Составот, делокругот и начинот на работа се утврдуваат со актот за основање.**

***Лаборатории***

**Член 28**

Лабораторија се формира за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката, односно аплика-тивна-та работа.

***Библиотека***

**Член 29**

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

***Центар за физичко образование***

На **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** постои и Центар за физичко образование.

**Член 30**

Центарот за физичко образование е наставна организациона единица која ја организира и ја реализира наставата по физичко образование на сите факултети во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со исклучок на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје** во Скопје.

**Член 31**

Просторните, административните и техничките услови, како и материјално-финансиските трошоци, т.е. средства кои произлегуваат од работењето на Центарот, ги обезбедува Министерството за образование и наука на РМ.

**Член 32**

Центарот за физичко образование го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по физичко образование на сите факултети на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со исклучок на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.**

Центарот за физичко образование ги врши следниве работи:

- предлага предметна програма во рамките на студиските програми на факултетите на Универзитетот, по претходно позитивно мислење на Наставно - научниот совет на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје**, а се усвојува на Факултетот на кој се реализира настава по физичко образование;
- најдоцна до почетокот на академската година, Центарот му предлага на Наставно-научниот совет на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје**, финансиска програма за изведување на наставата на единиците на Универзитетот;
- други потребни работи за изведување на наставата по физичко образование на факултетите на Универзитетот, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот, во координација со деканот на соодветниот факултет на кој се изведува наставата;
- Центарот може да реализира и воннаставна активност со посебна одлука на Наставно-научниот совет на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје**.

**Член 33**

Средствата за работа Центарот за физичко образование ги добива наменски од Министерството за образование и наука, пред почетокот на секоја академска година како предуслов за започнување на наставата.

Видот и обемот на наставата се утврдуваат на почетокот на академската година, согласно со расположливите средства од став 1 на овој член.

**Член 34**

Центарот за физичко образование има раководител.

Раководителот на Центарот за физичко образование, по предлог на Центарот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на **Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје**.

Раководителот се избира за време од 1 (една) академска година, со право на уште еден избор.

Наставно-научниот совет може предвремено да го разреши раководителот на Центарот за физичко образование врз основа на лично барање од раководителот и на образложено барање од најмалку половина од членовите на Центарот.

Раководителот за својата работа одговара пред деканот на Факултетот и пред Наставно-научниот совет.

Во случај раководителот на Центарот за физичко образование да не ги извршува работите и должностите од својата надлежност, деканот може да го разреши и пред истекот на времето за кое е избран и да постави в.д. раководител на Центарот.

**Член 35**

Се брише.

**Стручна и административна служба**

**Член 36**

Стручните и административните работи ги врши Стручната и административна служба на Факултетот, како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Со Службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот и пред генералниот секретар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 37**

**Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.**

**За секретар може да биде избрано лице со завршено високо образование - правен факултет, со положен правосуден испит и 4 години работно искуство во струката по дипломирањето.**

**Член 38**

Секретарот на Факултетот:
- се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на органите на Факултетот, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
- ги следи прописите и им укажува на органите на Факултетот;
- се грижи за уредноста и ажурноста на работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната и административна служба;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и за тоа го известува деканот;
- се грижи за извршување на работите по налог на генералниот секретар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- врши и други работи согласно со Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Факултетот.

**Член 39**

Секретарот е одговорен за работата на Стручната и административна служба на Факултетот.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот, по предлог на деканот на Факултетот и генералниот секретар, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и овој Правилник и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 40**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот.

## VI. ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 41**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

## VII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 42**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

***Наставно-научен совет***

**Член 43**

Наставно-научниот совет на Факултетот е стручен орган.

**Член 44**

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите во работен однос на Факултетот, **како и претставници од студентите**.

Претставниците на студентите се избираат од страна на Студентскиот парламент на Факултетот. Бројот на претставниците од редот на студентите не може да биде помал од 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет. Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е 2 (две) години.

Бројот на студентите во Наставно-научниот совет е променлив во зависност од промената на вкупниот број членови на Наставно-научниот совет. Промената на бројот на претставниците на студентите во Наставно-научниот совет се врши (се констатира) еднаш годишно (на почетокот на студиската година).

Во работата на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура учествува и раководителот на Центарот за физичко образование, само за прашања поврзани со предметот физичко образование на факултетите во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 45**

Наставно-научниот совет може, за одделни студиски програми или за други потреби, да формира стручни тела, комисии и работни групи**.**

За студиските програми од втор циклус, Наставно-научниот совет може да формира наставно-научен колегиум со кој раководи раководител.

***Надлежност на Наставно-научниот совет***

**Член 46**

Наставно-научниот совет:

1. донесува Правилник на единицата;
2. донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. утврдува најмалку еден кандидат за декан и предлогот го доставува до ректорот на Универзитетот;
4. избира продекани;
5. му предлага на Универзитетскиот сенат студиски програми;
6. **му предлага на Универзитетскиот сенат студиски програми на англиски јазик;**
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент и вонреден професор и во соработнички звања, **асистенти-докторанди**; избор во научни и насловни звања;
9. донесува план за реализација на наставата;
10. избира членови во Универзитетскиот сенат;
11. одлучува за прифаќање на извештајот за работата на деканот;
12. донесува предлог на план за студии по далечински пат, кој го усвојува Универзитетскиот сенат по претходно мислење на Ректорската управа;
13. ја спроведува постапката за избор на редовни професори;
14. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на изборот;
15. донесува одлука за потребата од наставник и одлучува за распишување на конкурс за избор во звање кога изборот се врши прв пат;
16. им дава согласност на наставниците за изведување настава на друг факултет;
17. им дава предлог-согласност на наставниците за изведување настава на друг универзитет;
18. предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус на студии;
19. предлага воведување на партиципација на трошоците за студирање;
20. на Деканатската управа и предлага мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
21. на Деканатската управа и предлага мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната работа и за компјутерската мрежа;
22. одобрува отсуство од работа на наставниот и соработничкиот кадар;
23. избира и разрешува секретар на Факултетот;
24. ги избира членовите на Комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот;
25. избира членови на Дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
26. поканува визитинг-професори, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
27. одлучува за Библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот;
28. одлучува за стручно усовршување на наставниците и соработниците во земјата и во странство;
29. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и сл.;
30. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот;
31. предлага еден кандидат за ректор и еден кандидат за проректор;
32. се грижи за обезбедување услови за студирање на студентите на Факултетот, за остварување на студентскиот стандард и за

работа со особено успешни и талентирани студенти;
33. учествува во подготовката и реализирањето на конкурсот за запишување нови студенти на Факултетот;
34. разгледува и подготвува предлози за прашања по кои одлучува Деканатската управа;
35. избира членови на рецензентски и други комисии;
36. избира **свои претставници** во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
37. донесува одлука за формирање на организациони единици на Факултетот;
38. врши избор на раководителите на организационите единици;
39. одлучува за внатрешните организациони единици на Факултетот;
40. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
41. **донесува програма за стручно и професионално усовршување и за различни облици на неформално учење;**
42. **донесува правила за студирање;**
43. **склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;**
44. **одлучува за склучување на договори за двојна диплома (доубле дегрее) или заедничка студиска програма (јоинт дегрее) согласно со Законот за високото образование;**
45. **организира различни облици на неформално учење;**
46. **донесува програма за вклучување на визитинг-професори од странство согласно со Законот за високото образование.**
47. формира комисија за спроведување на постапката за избор на декан;
48. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со овој Правилник и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

**Член 47**

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**При изборот во наставно-научни и наставни звања не учествуваат студентите.**

За работите од член 46, став 1, алинеи 1, 3, 4, 5 и 7, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 48**

**Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот за кои е дадена можност Наставно-научниот совет да одлучи да гласа тајно.**

**Одлуката за начинот на гласање се донесува со јавно гласање.**

**Член 49**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/3 од членовите.

**Член 50**

Наставно-научниот совет врши избор на сенатори со тајно гласање согласно со условите, начинот и постапката утврдени со Статутот на Универзитетот.

**Член 51**

За прашањата за кои одлучува Универзитетскиот сенат, сенаторите добиваат насоки од Наставно-научниот совет.

Сенаторите го информираат Наставно-научниот совет за одлуките на Сенатот.

***Декан***

**Член 52**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот.

Вршењето на должноста декан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

***Надлежност на деканот***

**Член 53**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на Универзитетскиот сенат и ректорот на Универзитетот;
- ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
- ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и Деканатската управа;

- се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно апликативната дејност;
- ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
- на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- предлага деловна политика и стратегија за развој на Факултетот;
- ги предлага планот и програмите за работа и презема мерки за нивно спроведување;
- распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- склучува договори во името на Факултетот;
- ги промовира студентите кои завршиле прв и втор циклус на студии и доделува награди;
- управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Правилник;
- презема иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
- одлучува за правата и обврските од работен однос кои не се во надлежност на органите на Универзитетот и Факултетот;
- го потпишува договорот за вработување на лицата избрани во звање заедно со ректорот;
- потпишува уверенија и други документи кои им се издаваат на студентите;
- одлучува по барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
- ја координира работата на органите и другите работни тела на Факултетот и обезбедува услови за работа;
- врши и други работи согласно со закон, Статутот на Универзитетот и Правилникот на Факултетот.

**На наставникот кој не го исполнува минимумот број на часови за наставна дејност за учебната година, утврден со одлуката за распоредот на часовите и наставата, деканот со решение му определува часови настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови на секој циклус се распределуваат рамномерно.**

**Против решението може да се поднесе приговор до Наставно-научниот совет во рок од 8 дена сметано од денот на приемот.**

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Правилник и другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овластува одделни продекани.

***Избор и разрешување на декан***

**Член 54**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од четири години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Ректорот го избира деканот по предлог на Наставно-научниот совет.

Изборот на декан го потврдува Универзитетскиот сенат.

***Утврдување кандидат за избор на декан***

**Член 55**

Утврдувањето кандидат, односно кандидати за избор на декан и изборот на декан се вршат на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот.

***Престанок на функцијата декан***

**Член 56**

На деканот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако биде разрешен;
2. ако поднесе оставка;
3. ако му престанал работниот однос;
4. во други случаи утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Член 57**

Ако Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се поведува постапка за негово разрешување.

На истата седница на која не е усвоен извештајот на деканот, Наставно-научниот совет формира трочлена комисија за **спроведување на гласањето** и одлучува за датумот на гласањето.

Наставно-научниот совет за разрешувањето на декан одлучува на ист начин како за утврдување предлог-кандидат за декан.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Универзитетскиот сенат во рок од 7 дена.

Одлуката на Универзитетскиот сенат по приговорот е конечна.

Ако на деканот му престанала функцијата пред истекот на мандатот, до изборот на нов декан, ректорот назначува в.д. декан согласно со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Одредбата од претходниот став се применува и во случаите кога мандатот на деканот престанал во други случаи утврдени со член 56 од овој Правилник.

***Продекани***

**Член 58**

На Факултетот, **по предлог на деканот, се избираат два продекана.**

**Член 59**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите. Продеканите вршат работни задачи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот (**настава, наука, меѓународна соработка,** финансии и сл.)

**Член 60**

Наставно-научниот совет ги избира продеканите по предлог на новоизбраниот декан. Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.
Гласањето се врши за секој кандидат поединечно.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

За својата работа, продеканите одговараат пред Наставно-научниот совет и пред деканот.

Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушува работењето на Факултетот, ја злоупотребува својата функција или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање на продеканот.

**Со престанок на мандатот на деканот престанува и функцијата (мандатот) на продеканите.**

**Мандатот на постојните продекани им продолжува до изборот на новите продекани, кој се спроведува по изборот на новиот декан.**

**В.д. деканот може да назначи в.д. продекани**.

**Член 61**

За продекан не може да биде предложен и избран член на организационата единица на која и припаѓа деканот.

Мандатот на продеканите трае четири години, односно колку и мандатот на деканот.

**Член 62**

Вршењето на должноста продекан е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на организациона единица.

***Деканатска управа***

**Член 63**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има **10** члена.

Деканатската управа ја сочинуваат: деканот, продеканите, **раководителите на катедрите** и претседателот на Студентскиот парламент на Факултетот.

Мандатот на членовите на Деканатската управа трае за периодот за кој се избрани.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 64**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

- се грижи за остварување на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со поширокта општествена заедница и државните органи;
- донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите што се во надлежност на Наставно-научниот совет;
- го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
- го следи финансиското работење на Факултетот;
- согласно со закон, на Универзитетот му предлага измена или проширување на дејноста;
- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и деканот;
- **одлучува за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата) по предлог на катедрите на Факултетот;**
- **донесува програма за студиски престои на соработници/асистенти, студенти и за реализација на визитинг- професори од Факултетот на странски универзитети;**

- формира постојани и привремени работни тела;
- одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
- донесува план за јавни набавки;
- донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавните набавки и актите на Универзитетот;
- донесува мерки за унапредување на дејноста на Факултетот;
- одлучува за прашања од работните односи во втор степен;
- врши и други работи определени со овој Правилник.

**Член 65**

Деканатската управа работи на седници.

Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот.

Деканатската управа може да работи доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината присутни членови на Деканатската управа.

Деканатската управа може да формира комисии и други работни тела за изготвување акти и предлози за прашања од делокругот на работата на Деканатската управа.

За работењето на Деканатската управа се води записник.

**Член 66**

Деканот има право да стави вето на општ акт и одлука на Деканатската управа кои се спротивни на законот и актите на Универзитетот и Факултетот кога ќе смета дека е тоа од интерес за Факултетот.

За спорните прашања, одлука донесува Наставно-научниот совет.

***СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ/ ИНСТИТУТОТ***

***Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии***

**Член 66-а**

**За организирање на вториот циклус студии, за секоја студиска програма, се формира наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус на студии (во натамошниот текст: колегиум).**

**Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Правилник.**

**Колегиумот го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите утврдени со студиската програма.**

***Надлежност на колегиумот***

**Член 66-б**

**Колегиумот:**

- **му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;**
- **доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми;**
- **се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;**
- **расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки по нив;**
- **поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;**
- **ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на магистерскиот труд;**
- **ги подготвува точките од дневниот ред на седниците на Наставно-научниот совет кои се однесуваат на постапката за пријавување, оцена и одбрана на магистерските трудови;**
- **доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;**
- **на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;**
- **на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;**
- **на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на магистерските трудови;**
- **утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;**
- **доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус на студии;**
- **врши и други работи по барање на деканот и Наставно- научниот совет.**

***Раководител на колегиумот***

**Член 66-в**

**Со колегиумот раководи раководител.**

**По предлог на деканот, раководителот на колегиумот се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.**

**Раководителот:**

- **ја организира и ја раководи работата на колегиумот;**
- **ги подготвува, ги свикува и ги води седниците на колегиумот;**
- **се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на колегиумот;**
- **ги известува органите на Факултетот за работата на колегиумот;**
- **ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на колегиумот;**
- **ги потпишува записниците од седниците на колегиумот;**
- **врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на колегиумот и по барање на Наставно-научниот и деканот.**

**Член 66-г**

**Одредбите од овој Правилник за колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за специјалистичките студии.**

***Одбор за соработка и доверба со јавноста***

**Член 67**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира факултетски Одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на Одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со член 43 од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа. Составот и начинот на предлагање на неговите членови се определуваат со овој Правилник.

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 9 (девет) члена, и тоа:

- **три члена избира Наставно-научниот совет, од кои два (2) од наставно-научниот кадар на Факултетот и 1 (еден) студент по предлог на Студентскиот парламент на Факултетот;**
- **еден член од Собранието на Република Македонија;**
- **еден член од Министерството за образование и наука;**
- **еден член од Советот на град Скопје;**
- **еден член од Советот на општина Центар;**
- **еден член од Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија;**
- **еден член од Федерацијата за училиштен спорт.**

Поблиските критериуми и надлежности на Одборот за соработка и доверба со јавноста се утврдени со закон и со подзаконски акти.

По прашањата за кои Одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат препораки.

Мандатот на членовите е 4 (четири) години.

***Одбор за поддршка (алумни) на Факултетот***

**Член 68**

Заради остварување континуитет на студиите на трите циклуси на студии, Факултетот основа Одбор за поддршка (алумни).

Одборот за поддршка има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии на Факултетот, со цел развој на кинезиологијата и со неа поврзаните и сродни науки.

## ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Член 69**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, вршењето на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 70**

Толкувања на одредбите на овој Правилник дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Правилник дава Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 70-а**

Одборот за соработка и доверба со јавноста ќе се формира по донесувањето на подзаконскиот акт од страна на надлежниот министер, а ќе започне со работа на 15 септември 2013 година.

**Член 71**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 72**

Деканот, продеканите и раководителите на внатрешните организациони единици продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на мандатот за кој се избрани, односно до почетокот на новата учебна година во годината во која им истекува мандатот.

**Член 73**

Одредбите од овој Правилник за соработниците ќе се применуваат согласно со

роковите утврдени со Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.103 од 19.8.2008 година), односно Законот за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност (Сл. весник на РМ бр.46 од 7.4.2008 година).

**Член 74**

Центарот за физичко образование работи како организациона единица на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје до изнаоѓање на ново решение во рамките на Универзитетот.

**Член 75**

Условите, рокот и начинот на завршување на студиите според постојните студиски програми на Факултетот се регулирани со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.35/2008 година).

**Член 76**

Постојните форми и облици на давање јавни услуги основани од факултетите и институтите пред донесувањето на Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008), Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и овој Правилник, продолжуваат со својата работа доколку во рок од 3 месеци ги усогласат актите со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 77**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр.156 од 9.7.2010 година.

**Член 78**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото објавување во Универзитетскиот гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Вујица Живковиќ, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став 1, алинеа 1, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013 и 24/2013), Универзитетскиот сенат, на 16. седница одржана на 31.1.2014 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Анекс 1 кон Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на Анекс 1 кон Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од 12. 09. 2013 година.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став 1, алинеа 1, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008; 103/2008; 26/2009; 83/2009; 99/2009; 115/2010; 17/2011; 51/2011; 123/2012; 15/2013 и 24/2013), Универзитетскиот сенат, на 13. седница одрћана на 28.10.2013 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А

## за давање согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на Правилникот за измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за физичка култура во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**